РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1578/2
04-05-2026 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-1578/1, поднесена од непознат подносител, против -----------, како субјект од јавниот сектор во својство на должник, со наводи за ненавремено и селективно исполнување на парични обврски кон економски оператори, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во случајот од причина што предметните дејствија наведени во пријавата не се во надлежност на постапување на ДКСК, а за истите друг орган е надлежен да постапуваа.

Пријавата се доставува на надлежно постапување до Министерството за финансии на Република Северна Македонија – Финансиска инспекција во јавниот сектор.

Предметот со број 12-1578/1 од 25.03.2026 година да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, до Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена пријава против -----------, по која е оформен предмет со број 12-1578/1 од 25.03.2026 година.

Во пријавата се изнесуваат наводи дека ------- врши селективни плаќања кон одредени компании, односно дека не се врши навремено исполнување на паричните обврски по доставени фактури кон сите економски оператори под еднакви услови. Дополнително, се укажува дека во услови на недостиг на средства, исплатите не се вршат согласно редоследот на достасаност, што доведува до нееднаков третман на компаниите.

Постапувајќи по наводите во пријавата, ДКСК утврди дека истите се однесуваат на прашања поврзани со исполнување на парични обврски кои произлегуваат од деловни трансакции.

Со Законот за финансиска дисциплина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 187/2013, 201/2014 и 215/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2019, 122/2021, 129/2023 и 3/2025), се уредува навременото исполнување на парични обврски кои произлегуваат од реализација на деловни трансакции меѓу економските оператори од приватниот сектор, односно меѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор, заради спречување на неисполнување на паричните обврски во утврдените рокови согласно со овој закон.

Согласно член 11 став (1) од истиот закон, надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон меѓу субјект од јавниот сектор и економски оператор од приватниот сектор, во случај кога субјектот од јавниот сектор се јавува како должник, врши Министерството за финансии преку Финансиската инспекција во јавниот сектор.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека не е надлежна за постапување по предметната пријава, бидејќи истата се однесува на финансиска дисциплина и исполнување на парични обврски од страна на субјект од јавниот сектор, за што надлежен орган е Министерството за финансии – Финансиска инспекција.

Воедно, од содржината на пријавата не произлегуваат конкретни наводи за корупција или судир на интереси во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи пријавата да ја отфрли како ненадлежна и истата да ја достави на надлежно постапување до Министерството за финансии – Финансиска инспекција.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија